БАС
Институт за менаџмент

# Извештај за работењето на БАС Институтот за менаџмент Битола во периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019

## 1. Правна рамка

Со донесувањето на новите амандмани за промената на уставното име на РСМ и Законот за спроведување на амандманите од 12.02.2019, промената на називот на основачот и доставеното уверение од општина Битола со бр.32-16 од 16.01.2015 за промената на адресата на објектот, БАС Институт за менаџмент Битола направи измени и дополнувања на Статутот и извршени се сите потребни процедури во Централниот регистер на Република Северна Македонија и на 02.09.2019, добиено е решение со внесените промени во однос на уставното име, за новиот целосен назив на основачот Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа Бизнис Академија Смилевски – БАС Скопје на БАС Институт за менаџмент Битола и променета е адреса во ул.Херцег Нови бр.6 Битола.

## 2. Трибини, конференции, симпозиуми

Во организација на БАС и БАС Институтот за менаџмент Битола се одржа и шестиот стручен симпозиум ***„Менаџментот и современите практики “*** со предметен фокус „Предизвици и можности во современи услови на работење“. БАС Институтот за менаџмент учествуваше како соорганизатор на овој настан, кој се одржа на 17.05.2019 во хотел Порта во Скопје.

Започнати се подготовките за шестата научна конференција ,,Современите менаџерски предизвици и организациските науки” со предлог предметен фокус: ,,Сајбер-безбедноста како менаџерски предизвик” и од страна на Претседателот на Програмскиот одбор на Конференцијата отпочнати се преговорите со еден од коорганизаторите на конференцијата, Милтон Фридман Универзитетот од Будимпешта, Унгарија.

## 3. Наставна дејност

Во текот на изминатиов период предложени и усвоени се два нови пакети на обуки наменети за Каталогот на БАС Институт за менаџмент Битола од областа на Неуролингвистичкото програмирање и Иновативниот менаџмент.

## 4. Соработка

Во фаза на склучување е меморандум за разбирање и соработка со НВО Институт за истражување и развој Тетово.

БАС Институт за менаџмент Битола

Научен соработник д-р Тони Соклевски

Директор на БАС Институт за менаџмент Битола во периодот до 28.02.2019

Научен соработник д-р Весна Стојановска

Вршител на Должност Директор во периодот од 01.03.2019 до 31.12.2019